ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Зоран Ставрески, заменик на претседателот на Владата и министер за финансии

Ардиан Џеладини, заменик на министерот за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ: Игор Димитров, државен секретар во Министерството за финансии

Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
за дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити

Скопје, декември 2014 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 42-11445/1
29.12.2014 година
С к о п ј е

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**С К О П Ј Е**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог – закон за дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити, што го утврди на седницата, одржана на 29.12.2014 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определен м-р Зоран Ставрески, заменик на претседателот на Владата и министер за финансии и Ардиан Џеладини, заменик на министерот за финансии, а за повереници Игор Димитров, државен секретар во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

Подготвил: Снежана Маркова – Пендовски
Проверил: Љубица Р.Димовска
Контролирал: Дејан Јакимовски
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

В О В Е Д

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за Фондот за осигурување на депозити („Сл.весник на РМ“ бр.63/00, 29/2002, 3/2002, 49/2003, 81/2008, 158/2010 и 43/2014) под депозити се подразбираат денарските и девизните депозити, трансакциските сметки, депозитите врзани за парични картички и девизни приливи на физичките лица.

Ваквото законско решение не ги опфаќа и сертификатите за депозит. Од причина што сертификатот за депозит е хартија од вредност издадена од банка, врз основа на средства депонирани кај банката истиот треба да биде вклучен во шемата на осигурување на Фондот за осигурување за депозити. Заради ова, потребно е да се направи измена во Законот за Фондот за осигурување на депозити.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлогот на закон за дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити се заснова на истите начела врз кои се заснова и постојниот закон.

Основни решенија на предложениот закон се:

1) Ќе се прошири опфатот на депозитите што се предмет на осигурување и во Фондот ќе бидат вклучени и сертификатите за депозитит;

Основната цел на предлогот на законот е да се зголеми опфатот на депозити кои ќе се осигуруваат и обесштетуваат, со што се пропишува под депозити во смисла на Законот за Фондот за осигурување на депозити да се подразбираат и сертификатите за депозит. Со ова законско решение се очекува да се зголеми довербата и сигурноста на потенцијалните иматели на сертификатите за депозити како штедачи во банкарскиот систем на земјата, во случајов како издавач на инструментот сертификат за депозит.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на законот што се предлага, не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДРЕДЕНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон за дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити нема да предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

ПРЕДЛОГ -ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

Член 1

Во Законот за Фондот за осигурување на депозити („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/2000, 29/2002, 43/2002, 49/2003, 81/2008, 158/2010 и 43/2014) во членот 4 став 2 по зборовите „денарските и девизните депозити‘‘ се додаваат зборовите „сертификатите за депозит, ‘‘.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

Со членот 1 се проширува опфатот на депозити што се предмет на осигурување и обесштетување и во Фондот ќе бидат вклучени и сертификатите за депозитит.

Со членот 2 се утврдува дека законот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Постојните одредби од Законот за Фондот за осигурување на депозити се меѓусебно поврзани со предлозите за дополнување на овој закон бидејќи се однесуваат на иста правна работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложените дополнувања на Законот за Фондот за осигурување на депозити имаат за цел ефикасно и еднообразно спроведување на законските одредби.

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ

Од Законот за Фондот за осигурување на депозити што се дополнуваат

Член 4

Банките, филијалите на странски банки и штедилници основани во Република Македонија се должни во Фондот да ги осигурат депозитите.

Под депозити во смисла на овој закон се подразбираат денарските и девизните депозити, трансакциските сметки, депозитите врзани за парични картички и девизни приливи на физичките лица (во натамошниот текст: депозит).

Во случај на обесштетување од страна на Фондот, поединечните депозити на едно лице во една банка, филијала на странска банка или штедилница се сметаат за единствен депозит.